**ЈАВЕН ПОВИК**

**за доделување на финансиски средства од буџетот на општина Битола на спортски клубови, спортски здруженија и спортисти за 2023 година**

**1. Учество**

Право на учество на јавниот повик ќе имаат спортски клубови, спортски здруженија, спортисти во сениорски и младински категории, како и другите физички и правни лица од областа на спортот чиешто регистрирано седиште односно живеалиште се наоѓа на подрачјето на Општина Битола.

**2.Улови**

Основни услови за доделување на финансиска поддршка на спортските клубови, спортските здруженија и спортистите во Општина Битола се:

- да го поттикнуваат и унапредуваат соодветниот спорт;
- да го популаризираат масовниот спорт и опфатот на што повеќе млади во населените места;
- да ја реализираат програмата за развој на спортот;
- да организираат и спроведуваат систем на натпревари во одредени спортови и категории;
- да се грижат за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри во спортот;
- да поттикнуваат постигнување на врвни резултати;
- да се грижат за унапредување на младите категори;
- да учествуваат во национални спортски федерации или настапуваат на натпревари од национален и меѓународен карактер;
- да се натпреваруваат од највисок ранг на домашни спортски првенства;
- своите активности и програми да ги реализираат на подрачјето на Општина Битола;

**3. Потребна документација**

Спортските клубови, спортските здруженија, спортистите и другите физички и правни лица од областа на спортот кои ќе учествуваат на Јавниот повик треба да достават:

**За спортските клубови и спортските друженија:**

Образец за финансиска поддршка и Образец – Извештај за искористени средства за претходната 2022 година;

Годишна програма и финансиски план за реализација;

Копија од тековна состојба од Централниот регистар, не постара од шест месеци, како доказ за регистрирана дејност;

Решение за дејност спорт ( доколку има );

Финансиски извештај за добиените средства од Општина Битола во изминатата година и начинот на нивната наменска реализација со копии од соодветни финансиски документи;

Копија од трансакциона сметка;

**За индивидуални спортисти:**

Образец за финансиска поддршка и Образец – Извештај за искористени средства за претходната 2022 година;

Програма за реализација на проектот (учество на натпревари кои се ставени во календарот на соодветните федерации);

Копија од лична карта или патна исправа, како доказ за идентификација;

Потврда за остварениот спортскиот резултат од соодветна спортска федерација или сојуз (за спортисти сениори) регистрирани во Агенцијата за млади и спорт;

Финансиски извештај за добиените средства од Општина Битола во изминатата година и начинот на нивната наменска реализација со копии од соодветни финансиски документи;

Копија од трансакциона сметка.

**4. Рок и начин за пријавување**

Пријавите треба да се достават до општина Битола преку пошта на адреса; Општина Битола, Булевар 1 –ви Мај број 61, 7000 Битола или да се достават во архивата на Општина Битола од 07:30 часот заклучно со 15:30 часот до последниот ден од Јавниот оглас.

Рокот за поднесување на пријавите започнува од 26.04.2023 година и трае заклучно со 10.05.2023 година.

Пријавите од јавниот повик ги разгледува Комисијата за млади и спорт од Советот на Општина Битола и согласно критериумите ја одбрува висината на финансиската поддршка.

Финансиската поддршка согласно ПРОГРАМА за активностите во областа на спортот и младите во Општината Битола за 2023 изнесува 1.500.000,00 денари за спортски клубови/спортски здруженија и 500.000,00 денари за индивидуални спортисти.

**5. Извештај за добиените средства**

Секој спортски клуб, спортско здружение, спортист, друго физичко и правно лице од областа на спортот, како и за спортска манифестација што се одржува во Општина Битола, а за коешто добило средства од Буџетот на Општина Битола , должно е да достави Финансиски извештај за добиените финансиски средства од Општина Битола до Комисијата за млади и спорт при Советот на Општина Битола за начинот на нивната наменска реализација со копии од соодветни финансиски документи, најдоцна до крајот на календарската година.